На **првата редовна седница** во оваа година одржана во Солун, Република Грција, членовите на Управниот одбор го разгледаа и дискутираа **Годишниот деловен извештај на МЦМС за 2018 година**. МЦМС ја заврши годината со вкупно **34 проекти** и **буџет од околу 116 милиони денари**. Управниот одбор го утврди Годишниот извештај кој треба да биде разгледан и одобрен од страна на Советот на МЦМС.



Членовите на Управниот одбор, Одборот на директори на МЦМС и уште неколку соработници на МЦМС, на 29 и 30 јануари 2019 година беа во работна посета на Солун, Република Грција. Тие имаа **средби во општината**, како и со **неколку професори** од Универзитетот „Македонија". Целта на посетата беше меѓусебно запознавање и **дискусија за можностите за соработка**, не само со општината и универзитетот, туку и пошироко. Фокусот на разговорите беше неодамна ратификуваниот „Преспански договор" од страна на Парламентите во двете држави и активностите кои би можеле да ги преземат граѓанските организации, општините и образовните институции за **меѓусебно зближување и соработка**. Разговорите беа конструктивни и од нив **произлегоа повеќе идеи кои МЦМС ќе ги операционализира во следните пријави за проекти**. МЦМС има претходно искуство во спроведување на активности за сензитирање и помирување на различни групи граѓани што му дава предност во работењето на проекти од ваква природа.